## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,28 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 26-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Иван Анастасовски, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Благој Зашов, Мери Младеновска Георгиевска, Лазар Китановски, Неждет Мустафа, Јани Макрадули, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Зоран Петревски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

На седницата присуствуваат 68 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по **точка 10 - Предлог за донесување закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција.

2. Претставникот на предлагачите на законот, пратеникот Стојан Андов ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите во извештаите на работните тела, мислењето на Владата на Република Македонија и од расправата на седнцата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, мислењето на Владата и стенографските белешки од расправата на Собранието на Република Македонија, да се достави до претставникот на предлагачите на законот, пратеникот Стојан Андов.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикува да гласаме.

За предложениот заклучок гласале 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за медијација, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за медијација е предложен заради потребата, Комората на медијатори на Република Македонија да има својство на правно лице.

Како што знаете, Законот за медијација е донесен на 9 мај 2006 година, објавен во Службен весник на Република Македонија број 60/06 кој се применува од 1 ноември 2006 година.

Донесениот Закон за медијација е за подобар пристап до правдата кој ја надополнува реформата на правосудниот систем, а со цел за надминување на тешкотите околу долгото траење на постапката пред судовите.

Овој Закон ја промовира медијацијата како вонсудска постапка за решавање на спорови врз слободно изразена волја на страните, со помош на трето неутрално лице, медијатор кој им помага на страните да изнајдат решение во спорот, по пат на преговори.

Со примената на медијацијата, покрај нејзинат примарна цел, односно овозможувањето на поефикасен пристап на граѓаните до правдата. Таа треба да биде достапна до граѓаните и најдиректно да придонесува за побрзо вонсудско решавање на споровите создадени поѓу правните и физичките лица во нивните меѓусебни односи од повеќе области.

При донесувањето на Законот за медијација се поаѓаше од стојалиштето дека е нов закон кој прв пат се донесува во Република Македонија. Истиот има флексибилна постапка, со оглед на основниот принцип на доброволност, кој значително би се ограничил ако законот се обидува детално да ги регулира сите прашања.

Почитувани пратеници, при примената на Законот за медијација, во однос на организацијата на медијаторите кои се организираат во Комора на медијатори, констатирано е дека е потребно да постои одредба која пропишува дека Коморатa има својство на правно лице, заради непречено функционирање на Комората за медијација и нејзино регистрирање во Централнот регистар на Република Македонија. Со тоа ќе отпочне да функционира постапката за медијација и ќе овозможи решавање на спорoвите по пат на медијација, што ќе влијае врз намалување на бројот на предметите во судовите и растоварување на судството од непотребното постапување по предмети кои би можеле да бидат решени на тој начин.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Василевски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го залучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за медијација.

Ве повикува да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за, нема воздрани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да галсаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Вкупно гласаа 60 пратеници и сите 60 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за медијација.

**Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за управната инспекција, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлог за донесување на закон.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Почитувани пратеници, дами и господа, дозволети ми на кратко да ги објаснам потребите од донесувањето на законот за изменување на Законот за управнат инспекција.

Овој закон се применува во Република Македонија, а е донесен на 28 септевмри 2004 година и објавен во Службен весник на Република Македонија број 69/2004.

По донесувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија, од 21 до 30, во 2005 година, објавен во Службен весник на Република Македонија број 107/2005, како и донесувањето на Законот за прекршоците објавен во Службен весник на Република Македонија број 62/2006, се наметна потребата од изменување на Законот за управната инспекција и негово усогласување со амандманите на Уставот на Република Македонија и Законот за прекршоците.

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за управната инспекција во членот 1 се предлага изменвување на насловот на глава 6, казнене идредби, во прекршочни одредби.

Во членот 2 од Предлогот на законт за изменување на Законот на управнат инспекција, се врши изменување на член 22 став 1 од постојниот закон, во однос на тоа што казните за прекршок во износ од 3.000 до 10.000 денари, се заменуваат со казна во износ од 150 до 1.000 евра во против вредност во денари.

Во членот 3 од Педлогот за изменување на законот е регулирано дека Законот влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето на Службен весник на Република Македонија.

Бидејќи се работи за донесување на закон за изменување на Законот за управната инспекција со кој се врши негово усогласување со Уставот на Република Македонија и со Законот за прекршоците, а бидејќи не се работи за сложен закон, согласно одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме овој закон да биде донесен во скратена постапка.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Василевски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го залучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за управната инспекција.

Ве повикува да гласаме.

Гласале 63 пратеник, сите 63 гласале за, нема воздрани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеник, сите гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеници и сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за управна инспекција.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законто за јавни претпријатија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односо поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија, господинот Спанџев.

**Киро Спанџев:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Го имате предлогот за измени и дополнување на Законот за јавни претпријатија.

Со последната измена на Законот од април, предвидено е директорите на јавните претпријатија да ги избира и разрешува управниот одбор и тоа на јавен конкурс.

Директорите на јавните претпријатија ги избира и разрешува градоначалникот на општината односно на Град Скопје, врз основа на јавен конкурс. Затоа, во овој Предлог, бидејќи во изминатиот период се јавија многу проблеми околу именвуањето на директорите, имавме случаи каде немаме ниту директори, ниту изврршители на функцијата, затоа пристапивме кон измена на овој Закон.

Со предложениот текст во членот 19-а, определено е управниот одбор на јавните претпријатија односно градоначалникот на општината односно Град Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, треба да донесе одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Во конкурсот треба да се утврдат условите кои треба да ги исполнува кандидатот, време траењето на конкурсот и потребната документација што кандидатот треба да ја приложи. Изборот се врши во рок од 15 дена.

Исто така се предлагаа и измени во член 23-а со кој се предлага директорите на јавни претпријатија на секои 6 месеци да доставуваат извештаи за работат односно податоци за видот и обемот на работите извршени при обавувањето на дејнсота на јавното претпријатије како и податоци за финансиското работење. Ако се прикажат негативни резултати се задолжува директорот во рок од 6 месеци да ја санира состојбата.

Исто така со член 24-а во Предлог законот се утврдени случаите кога директорот на јавното претпријатие ќе биде разрешен пред истекот на мандатот. До колку не се избере директор по конкурсот, се предлага да се именува вршител на должност. Таа функција трае во рок од 6 месеци.

Тоа се во кратки црти измените на овој закон.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спанџев.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик минстер, ја користам оваа прилика да посочам на еден проблем кој редовно се јавува во пракса.

При имплементирање на законските одредби на овој закон гледам дека се направени некои инетрвенции во делот на допрецизирање на законските одредби. Да нема недоразбирања, морам да посочам дека има огромен број на случаи каде градоначалникот на општината и покрај законските одредби кои се прецизни во тој дел, поставува вршител на должност, директор за 6 месеци и после истекот на тој рок од 6 месеци повторно го поставува за вршител на должност директор со што еклатантно го крши законот. Дури има повеќе примери и на посочување на второстепениот орган за жлаби, значи од Министерството за труд и социјална политика, од Инспекторатот што и во писмена форма посочуваат дека се крши законот, но тие упорно од икс причини кои најчесто се од политичка природа, упорно го кршат законот. Мислам дека во овој дел, сега немав прилика, бидејќи овде има извадок на законот, да видам какви се казнените одредби во тој дел. Но, мислам дека вашето Министерство треба да ја зајакне контролата во делот на имплементацијата на закнските решенија и да биде поодговорно во делот на контролните механизми да не се случуваат такви работи.

Јавноста доста се иритира, се појавува незадоволство, се јавуваат и судски спорови кои сепак паѓаат на товар на граѓаните на оваа држава заради обесштетување.

Затоа, ја користам оваа прилика да посочам дека треба да се вршат поинтензивни контроли во тој дел. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Еден дел од дискусијата практично ми ја зема господинот Герамитчиоски. За тоа имаме поднесено амандман и се надевам дека за тоа време претставникот на Владата ќе има можност да размисли како ќе одлучи по амандманот.

Меѓутоа, јас би сакала да укажам на една друга работа. Со оглед на тоа што овој закон ги тангира ингеренциите на единиците на локалната самоуправа, а според моите информации заедниците на единиците на локалната самоуправа не се консултирани, јас би сакала да препорачам вакво нешто да не се случува во иднина, затоа што имајќи го предвид Законот за локална самоуправа, имајќи го предвид Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Меморандумот кој што е потпишан меѓу заедниците на единиците на локалната самоуправа и Владата за консултирање за сите прашања кои се од областа на локалната самоуправа со ЗЕЛС, меѓу Владата и ЗЕЛС, дека треба да постои договор меѓу нив, јас препорачувам ваквите закони, покрај тоа што ќе дојдат со образложение од Владата, да добиваме официјално став, иако заедниците на единиците на локалната самоуправа дека се усогласени со овие решенија, или во најмала рака да кажат каков е ставот на ЗЕЛС.

Моите информации говорат дека за овој закон воопшто не се консултирани заедниците на единиците на локалната самоуправа, што не е добро, затоа што повторно ќе кажам, се прекршува и Законот за локална самоуправа, се прекршува и Меморандумот, кој претставува еден вид договор за начинот на функционирање меѓу Владата и ЗЕЛС.

Затоа, препорачувам уште еднаш сите закони кои ги тангираат единиците на локална самоуправа да се одвиваат согласно Законот за локална самоуправа и Меморандумот потпишан меѓу ЗЕЛС и Владата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов.

Повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван господине заменик министер, почитувани колеги,

Јас би се осврнал накратко на предложените измени во Законот за јавни претпријатија, со една моја забелешка и сугестија. Имајќи предвид дека структурата на поставувањето директори во јавните претпријатија е шаренолика во однос на струката што ја имаат завршено, моја заложба и предлог беше, мислев дека тоа ќе го внесат во забелешките односно во измените на Законот за јавни претпријатија, се со една единствена цел да имаат можност сите луѓе да конкурираат на конкурсите кои ќе бидат објавени за директори на јавните претпријатија. Вака знаеме дека конкурсите, односно човекот кој може да биде избран за директор, условите ги определува управниот одбор. Имаме една шареноликост и во зависност од статутите на јавните претпријатија е ограничена и можноста за конкурирање на луѓе од разни струки за функцијата директор на јавното претпријатие. Доколку во овие измени се стави една широка определба, односно управните одбори да бидат задолжени да ја унифицираат можноста, да се каже кои струки можат да конкурираат за директори на јавните претпријатија, сметам дека ќе има една изедначеност, односно сите јавни претпријатија ќе личат едни на други. Вака можеме да сретнеме дека во јавни претпријатија низ Република Македонија имаме од историчари до инженери и правници, односно директори од сите струки. Сето тоа може да се уреди со една одредба која може да дојде во измените и дополнувањата на Законот за јавни претпријатија.

На крајот, да кажам дека тоа мора да биде седми степен образование, со што ќе се даде можност на сите заинтересирани луѓе кои имаат способност да менаџираат со јавните претпријатија да имаат право да конкурираат.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Серафимов.

Има збор пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Сакам накратко да објаснам зошто сметам дека не е ниту време ниту издржан предлогот на Владата на Република Македонија токму во овој момент да донесеме закон за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија. Бидејќи сметам дека предлогот е суштински, недооформен и можеби во моментот кога веќе го изменуваме постојниот закон, треба многу посериозно да пристапиме со една единствена цел: јавните претпријатија во Република Македонија да ги заштитиме од можноста за нивна партизација и да ги усогласиме не само со Законот за локална самоуправа, кој претставува еден системски закон, туку и со Законот за државни службеници. Ќе се обидам да дадам комплетно мое видување на предлог-законот што е пред нас.

Како причини за донесување на овој закон Владата наведува дека иако во април 2006 година се донесе Законот за изменување и дополнување на истиот овој закон, предвидено е директорот на јавното претпријатие да го избира и разрешува управниот одбор и тоа по пат на јавен конкурс. Најпрво мора да дефинираме дека основачките права врз јавните претпријатија, без оглед дали се работи за јавни претпријатија на локално или централно ниво се јавуваат општините, градот Скопје односно Владата на Република Македонија. Согласно тие основачки права, јас сум лично убедена дека основачот треба да го има зборот при именување и разрешување на раководните лица, односно

директорите во истите јавни претпријатија. Дека овој предлог-закон апсолутно не значи усогласување со Законот за локална самоуправа, ќе го цитирам членот 50 од истиот закон, односно Законот за локална самоуправа, каде што се детерминирани надлежностите на градоначалникот. Точка 9 вели: "Градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс". Никаде не пишува дека градоначалникот е одговорно лице кој ги разрешува директорите. Апсолутно сметам дека на овој начин постои и се детерминира еден вакуум простор, а во надлежностите на градоначалниците не е спомнато дека имаат право да разрешуваат веќе назначен директор на јавните претпријатија на локално ниво. Значи, или ќе се потруди Владата како предлагач да го усогласи постојниот Закон за јавните претпријатија со Законот за локална самоуправа, кој е системски, или обратно Законот за локална самоуправа ќе го прилагодува амандмански согласно предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија.

Она што се случува најчесто и на локално и на централно ниво е начинот на разрешување на директорите на јавните претпријатија, и тоа исклучиво заради партизација. Како се менува власта на локално или централно ниво, така се разрешуваат директорите поставени од претходната гарнитура. Сметам дека треба многу одговорно, без оглед дали се работи за владеачко мнозинство или опозиција, да најдеме начин да ја спречиме таа постапка. Ние мораме да најдеме начин да го заштитиме системот на управување и раководење со јавните претпријатија, бидејќи самите јавните претпријатија се основаат во интерес на основачите, на граѓаните на Република Македонија.

Во постојниот Закон за јавните претпријатија начинот на разрешување на постојниот директор е определен од членовите 39,40 и 41. Значи за да се разреши директор на јавно претпријатие, најпрво мора да постојат услови, мора некој да констатирал во постапка утврдена со закон дека директорот направил манипулација или во материјалната сфера или оневозможил нормално одвивање на процесот на основната работа заради која е основано јавното претпријатие.

Членот 40 вели: "Во моментот кога е констатирана злоупотреба од страна на лицето директор на јавното претпријатие може да се употреби членот 41, односно предвремено да се разреши", значи со констатирани злоупотреби или манипулации. Во тој момент Законот за јавните претпријатија предвидува можност да се постави вршител на должност директор на јавното претпријатие во времетраење од 6 месеци. Тука завршува и сметаме дека токму тоа е фаличната маана на овој закон. Сите градоначалници, а и Владата на Република Македонија ја злоупотребуваат практично недореченоста на членот 41, именуваат вршители на должност со рок од 6 месеци, притоа наведувајќи ги членовите 39 и 40 како основ на разрешувањето. Откако ќе минат тие први 6 месеци, повторно си дозволуваат истите тие вршители на должност со уште еден акт да им го продолжат мандатот за уште нови 6 месеци.

Заради тоа сметам дека предлагачот односно Владата на Република Македонија ќе го повлече овој предлог на закон, ќе ги доработи овие системски недостатоци на Законот за јавните претпријатија и во разумен рок ќе го понуди пред нас да го изгласаме, убедени дека гласаме еден навистина квалитетен закон, бидејќи уредува една многу значајна сфера од областа на општественото живеење не само на локално туку и на централно ниво. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Има збор пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван претставник од Владата заменик министер,

Во мојата кратка дискусија би сакала да напоменам дека се залагам законот да се повлече заради усогласување. Уште еднаш се јавува појавата на недостаток на дијалог, овој пат не недостаток на политички дијалог, туку дијалог меѓу ЗЕЛС и Владата на Република Македонија. Доказ за тоа е писмото испратено од страна на ЗЕЛС до координаторите на пратеничките групи при Собранието на Република Македонија. Да потсетам дека градоначалници имаме од сите политички партии, имаме градоначалници од СДСМ, од ВМРО-ДПМНЕ, од ДПА, од ДУИ и други.

Намерата на ЗЕЛС не е штитење на парламентарното мнозинство или позицијата во Парламентот, туку донесување на што подобар закон за подобро функционирање на единиците на локалната самоуправа. Се надевам дека Владата ќе има слух да постапи согласно ова укажување од градоначалниците, со кое, цитирам: "Оттука, уште еднаш упатуваме барање за преземање иницијатива за одложување на точката на дневниот ред на гореспоменатата седница, со што ЗЕЛС ќе добие време да даде свое мислење по текстот на предложените измени".

Во воведното експозе по овој закон на претставникот на Министерството за економија јас не разбрав дека бараат одложување на Законот, односно одложување на точката на дневен ред. Напротив, се инсистира на донесување на законот таков каков што е предложен. Мислам дека тоа не е во ред.

И второ, поради разноликоста во образованието и квалитетот на директорите на јавните претпријатија низ градовите и поради појавите дека успешен директор не може да биде именуван, освен за вршител на должност, за

директор на јавното претпријатие поради тоа што статутот не бил усогласен со неговото образование, а дефакто битен е резултатот од работата на директорот, а не неговото образование, предлагам со Законот за јавните претпријатија да се усогласи образованието на директорите во јавните претпријатија,односно конкретно предлагам сите директори да имаат унифициран седми степен на образование. Повторувам, за да не доаѓаме во ситуација заради степенот и типот на образование локалната самоуправа да биде обрзана да става и именува директори кои нема да ја вршат функцијата квалитетно и ефикасно само поради тоа да не се доведуваме во ситуација да бидат разрешувани веќе успешни директори. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Има збор Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Морам да се доискажам во прилог на тезата дека навистина Владата треба да биде доволно доблесна и во овој момент веднаш да го повлече Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија, поткрепено со Законот за локална самоуправа. Во Законот за локална самоуправа, а во корелација со причините кои самата Влада ги наведува како главни причини за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија е допрецизирање на одредби кои се однесуваат на постапката за избор на директори на јавните претпријатија, тогаш навистина треба да дадат одговор на прашањето зошто не се консултирале со единиците на локалната самоуправа како субјекти кои се најзаинтересирани во оваа област.

Во Законот за локална самоуправа глава 11 се предвидуваат механизми за соработка на општините и Владата на Република Македонија. Во членот 78 - Консултирања на општините, став 1 се вели:”Општините ќе бидат благовремено и соодветно консултирани во постапката на планирање и одлучување за прашања кои се однесуваат на нив”. Дали претставниците на Владата сметаат дека со измените на Законот за јавните претпријатија не се засегнати единиците на локалната самоуправа односно општините? Во членот 80 од Законот за локална самоуправа, кој е насловен “Соработка меѓу Владата и општините”, став 1 вели: “Владата соработува со општините за прашања што се од нивен интерес”, а таков интерес се јавните претпријатија кои се основани од советите на општините, односно единиците на локалната самоуправа и продолжува:

“Владата соработува со општините за прашања што се од нивен интерес и тоа за законите што се однесуваат на општините” и т.н.

Членот 81 од истиот Закон ги детерминира здруженијата на општини на Република Македонија и наведува дека Здружението на општини во кое заради заштита и унапредување на заедничките интереси се здружиле повеќе од две третини од општините на целата територија на Република Македонија, односно ЗЕЛС има право да соработува со Владата по прашањата од значење за општините во Република Македонија, да иницира донесување на законите што се однесуваат на унапредување на локалната самоуправа и ЗЕЛС има право да дава предлози за проектирање на предлог-буџет и т.н.

Ниеден од овие членови Владата не зела предвид кога пред нас го доставила овој Предлог закон за изменување на јавните претпријатија. А, кога не се земаат предвид законски одредби, почитувани претставници на Владата, вие постапувате незаконски. Односно донесувајќи и предлагајќи изменување и дополнување на еден постоен закон, кршите одредби од еден системски закон, Законот за локалната самоуправа. Претпоставувам, бидејќи ниеднаш претставникот на Влада не се јавил да дебатира околу овие спорни моменти, ниту да образложи, ниту да појасни. Претпоставувам дека владеачкото мнозинство и овој пат, без аргументи односно со аргументите на гласање по сила ќе го донесе Предлогот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија. Меѓутоа, во секој случај на тој начин најоштетени ќе бидат единиците на локалната самоуправа, општините, од каде што потекнувате токму вие, почитувани колеги пратеници од владеачкото мнозинство. Значи, овој закон ќе биде на товар на вашата совест.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за јавни претпријатија.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутните пратеници.

Бидејќи во салата има доволен број на присутни пратеници, ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници присутни во салата, гласаа 58, за гласаа 50, воздржани нема, против гласаа 8 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за гласаа 50, воздржани нема, против гласаа 1 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 во новиот член 19-а, став 5, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Тахир Хани и Аднан Јашари поднесоа амандман на член 1 во новиот член 19-а, за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Славица Грковска, Весна Бендевска и Марјанчо Николов поднесоа амандмани на член 1 во новиот член 19-а став 2, член 1 во новиот член 19-а ставови 3, 4 и 5, член 1, во новиот член 19-а, за додавање на нов став 6 по ставот 5, член 2, во новиот член 23-а, став 1, член 3, во новиот член 24-а, ставови 2 и 3 и за додавање нов член 3-а, по членот 3, по кој Владата не се произнела.

Меѓувреме, пратениците Славица Грковска, Весна Бендевска и Марјанчо Николов ги повлекоа амандманите на член 1, во новиот член 19-а, став 2, член 1 во новиот член 19-а, ставови 3, 4 и 5, член 2 во новиот член 23-а, став 1, и на член 3 во новиот член 24-а, ставови 2 и 3.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 19-а, за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратениците Тахир Хани и Аднан Јашари.

Го молам пртставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа, затоа што формулацијата не е добра. Инаку, начелно мислењето е добро, но формулацијата не е добра.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници.

Го повторуваме гласањето уште еднаш.

Ве повикувам да гласаме, бидејќи сега има доволен број на пратеници.

Од 62 присутни пратеници, гласаа 53, за гласаа 3, воздржано гласаа 2, против гласаа 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во новиот член 19-а, за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратениците Тахир Хани и Аднан Јашари.

Пратениците Славица Грковска, Весна Бендевска и Марјанчо Николов го повелекоа амандманот на член 1 во новиот член 19-а став 2.

Пратениците Славица Грковска, Весна Бендевска и Марјанчо Николов ги повлекоа амандманите на член 1, во новиот член 19-а, ставови 3, 4 и 5.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 19-а, за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратениците Славица Грковска, Весна Бендевск и Марјанчо Николов. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа, затоа што формулацијата не е добра.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, јас само ќе ве замолам да прочитате за кој амандман станува збор.

**Бесим Догани:** Во ред.

Значи претрес по амандманот на член 1 во новиот член 19-а став 2, член 1 во новиот член 19-а за додавање на нов став 6 по ставот 5 поднесен од ваша страна.

**Славица Грковска:** Тој е повлечен, потпретседателе.

**Бесим Догани:** Ако сакате ќе ви го прочитам амандманот.

Во членот 1, во новиот член 19-а по ставот 5, се додава нов став 6, кој гласи: “Лицето именувано за вршител на должноста директор во ставот 5 на овој член не може да биде по втор пат именувано на оваа функција”.

**Славица Грковска:** Значи, единствениот амандман кој што ние не го повлековме е на членот 3, каде што се додава нов член 3-а, кој гласи: “Лицето именувано за вршител на должност директор, не може да биде по втор пат именувано на оваа функција”.

Тоа е на членот 3. Овој амандман го поднесовме и јас ќе апелирам до парламентарното мнозинство, доколку претставникот на Владата има негативно мислење, парламентарното мнозинство да размисли и да го поддржи, затоа што е многу логичен и многу реален. Тоа го зборуваше и господинот Герамитчиоски во општата расправа по Законот.Ние реално се соочуваме со случаи каде што в.д. директори на јавни претпријатија се именуваат и за подолг период од шест месеци. Има примери каде што истите лица се вршители на должност директор на Јавнно претпријатие со години. Сметам дека,бидејќи нема друг закон во кој што се регулира и се ограничува времетраењето на одредено лице да ја врши функцијата в.д. директор на Јавно претпријатие, единственото место е да се направи тоа во овој закон. Значи, лице кое што веќе еднаш било именувано за вршител на должност директор и има функција да го распише конкурсот и да обезбеди нормално избор на директор на Јавното претпријатие, да не може да биде по втор пат именувано на оваа функција. Доколку лице кое што е избран за в.д. директор на Јавно препријатие знае дека може и по втор пат и по трет пат и по четврти пат да

биде избран за вршител на должноста, за директор на јавно претпријатие, нормално е дека кај одредени лица, неодговорни ќе се јави тенденција да не се почитуваат законските рокови по кои што треба да се распише конкурс за избор на дирктор на јавно претпријатие и постапката да се пролонгира, со цел в.д. директорот да остане колку е можно подолго на таа функција. Затоа, сметам дека ова ограничување, лице кое што е именувано за вршител на должност в.д. директор на Јавно претпријатие да не може да биде по втор пат именувано на оваа функција, обезбедува одреден тајминг или го обврзува вршителот на должност директор на Јавно претпријатие да ја почитува законската процедура и да распише конкурс за директор во законскиот рок.

Затоа, апелирам до парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман, за да ги намалиме можностите за злоупотреба кои што се реални и кои што се случуваат, без разлика на тоа кои партии го имаат мнозинството во одреден совет, од кои партии се градоначалниците и тоа е присутно секаде. За да го оневозможите ваквото однесување во иднина, па затоа уште еднаш ќе аплирам дека за вакви закони е особено важно да се почитува Законот за локална самоуправа и меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Владата, да се вршат консултации со ЗЕЛС за вакви закони и исто така да се почитува мислењето на Министерството за локална самоуправа, кое за мене, за жал, во однос на овој закон е непознато. Затоа што, убедена сум дека Министерството за локална самоуправа би требало да биде свесно за ваквите злоупотреби, би рекла, на законските решенија и јас сум убедена дека самото Министерство за локална самоуправа би сугерирало едно вакво решение, со цел да не се доведеме во ситуација едно лице кое е именувано за вршител на должност директор да остане на таква функција, на таква позиција повеќе од шест месеци. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Само да дообјасниме дека вашите амандмани двата се исти, поднесени на два различни члена. Едниот амандман е поднесен на членот 1 тој што е по ред сега, а другиот амандман е по членот 3, а текстот на амандманите е ист, за вршител на должноста директор. Моментално се на првиот амандман кој се однесува на член 1, да нема забуна, тој ќе ни дојде подоцна, па уште и еден сличен амандман. Значи, ист, само по друг член.

Повелете, Грковска Славица.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, образложението е исто и за членот 1 и за членот 3 на двата амандмани. Со оглед на тоа се вели дека е иста проблематиката што ја регулираат. Меѓутоа, еве јас уште еднаш имам прилика и сакам да апелирам, да размисли парламентарното мнозинство, затоа што овој е навистина логичен амандман. Навистина, ќе бидеме во позиција да санкционираме несериозни однесувања на одредени лица, без разлика за која партија станува збор. Ние треба да санкционираме и да обезбедиме механизми за нормално функционирање и да ги намалиме сите можни начини за злоупотреба на одредени законски решенија, без разлика на која партија припаѓаат лицата кои што се обврзани да го спроведуваат тоа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Токму затоа и јас интервенирав, да не дискутираме по два амандмани исти по два пати.

Има збор пратеникот Герамитчиоски Тале.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Искрено да кажам дека очекував заменик министерот, со оглед на неговото искуство, ќе го прифати амандманот, бидејќи ова е она за кое што како пропуст, како некоја грешка која што се провлекува низ законските решенија, предизвикува одредени проблеми во реалноста.

Ги става пред се, градоначалниците во некоја комотна ситуација, да не ги почитуваат законските решенија, навремено да ги распишуваат конкурсите, пред истекот на три месеци на вршителот на должноста, се доаѓа во временски цајтнот и прибегнува кон едно незаконско решение. Значи, продолжува со поставување повторно на вршител на должноста од шест месеци. Мислам дека треба малку да се подразмисли за ова по функција. Прецизирање на законското решение за да не настанат дополнителни проблеми. Јас сега, ќе ја користам оваа ситуација, не сакам да се повторувам, ниту тоа ми е својствено. Потпретседателе, во салата немате доволно пратеници, комотно се однесуваат, а ќе дојдеме до ситуација често пати да се гласа. Не сакам повторно да се предизвика театралност во ова Собрание, да се прикажуваат камери, да се излегува со политички памфлети од говорница, кој колку присуствувал, како присуствувал. Обезбедете си мнозинство и немојте тоа да го употребувате во театралност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам за вашата забелешка.

Има збор Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Најпрво ќе ве замолам да обезбедите услови за работа во ова Собрание и исклучување на мобилните телефони. Знаеме комотно да зборуваме дека мобилните телефони не треба да се употребуваат во училиштата, а ние како пратеници ги користиме.

**Бесим Догани:** Тоа не можам да го забранам, бидејќи не е според Деловникот.

**Весна Бендевска:** Вие сте тој што треба да обезбеди услови за нормална работа на ова Собрание.

**Бесим Догани:** Јас мислам дека има доволно услови за продолжување на работата на Собранието. Повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Значи амандманот кој го поднесовме заедно со колегите предвидува лицето именувано за вршител на должноста директор, да не може да биде по втор пат именувано на истата функција.

Сакам да образложам. Бидејќи образложението е многу логично и многу консеквентно од членовите на законот за јавни претпријатија. Која е смислата за назначување на вршител на должност директор на јавно претпријатие. Вршител на должност се именува оној момент кога констатирани се вонредни услови во работата на јавното претпријатие. И да не се повторувам. Значи, претпријатието не е во функција нормално да ја обавува својата основна функција за која е основано. Во тој момент се разрешува веќе постојниот директор и градоначалникот има можност да постави вршител на должност за директор, а со цел, истото лице, во рок од шест месеци да може да ги отстрани условите кои довеле до вонредни услови во работата на јавното претпријатие.

До колку по шест месеци истото лице не ги отстранило причините кои ја детерминираат вонредноста во работата на јавното претпријатие, не заслужува истото по втор пат да биде именувано како вршител на должност на истото претпријатие. Затоа Законот за јавни претпријатија, а исто така и Законот за локална самоуправа предвидува институт јавен конкурс. Јавниот конкурс подразбира избор на квалитетна понуда на лица кои сметаат дека можат да ја обавуваат таа функција, имаат своја визија за развој на јавното претпријатие, што е од општ интерес на граѓаните, било на локално, било на централно ниво.

Заради тоа, бидејќи амандманот интервенира и го подобрува текстот на Законот за јавни претпријатија, апелирам до колегите пратеници од владеачкото мнозинство, особено апелирам до претставникот на Владата овој амандман да го предложи како предлог на Владата и да стане составен дел на Законот за јавни претпријатиа. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави пратеник госпоѓа Катерина Димевска.

**Катерина Димевска:** Почитуван потпретседателе, сакам една кратка реплика на почитуваната колешка во образложението кое што претходно го даде за поставениот амандман.

Имено, тие предлагаат во членот 3 измена во амандманот, каде што се нагласува дека лицето именувано, дали расправаме за членот 1? Се извинувам. Во членот 1 во измената на членот 19-а.?

**Бесим Догани:** Тоа е.

**Катерина Димевска:** Лицето именувано за вршител на должност директор од ставот 5 на овој член, не може да биде по втор пат именувано на оваа функција. Сакам да напоменам дека исто така во измената на членот 1, со дополнувањето на членот 19-а, првиот став, каде што се вели дека управниот одбор на јавното претпријатие, односно градоначалникот на општината, односно на Градот Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува одлука за распишување на јавен конкурс. Значи, ќе се распише одлука за јавен конкурс, на која што, како што и сами спомнавте ќе се понуди решение од повеќе кандидати и врз база на тоа ќе се изврши изборот. Веќе е уредено дека со јавен оглас ќе се изврши избор на кандидат и се обврзува во рок од три месеци да се распише тој оглас. Оние што се основачи на јавното претпријатие го распишуваат. Управниот одбор, органот кој што е именуван од основачот на претпријатието. Не знам зошто е нејасно и зошто се бара дополнување за да лицето не биде повторно именувано за вршител на должност в.д. директор на јавното претпријатие.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За контра реплика се јави Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам, очигледно или говориме на различни јазици, или немаме намера едни со други да се разбереме. Токму јас истото го понудив како причина да не го донесуваме овој Предлог-закон за измена и дополнување. Токму истото госпоѓо Димевска. Можноста за злоупотреба на институтот јавен конкурс од страна на лицата овластени на локално ниво и на Градот Скопје, тоа се градоначалниците, на централно ниво тоа е Владата. Токму нивната интенција да не го употребуваат институтот јавен конкурс, го користат се со цел да партизираат. Значи, да донесуваат партиски решенија под капата на вршител должност директор. Управниот одбор, ако добро гледате е именуван од страна на директорот на јавното претпријатие на централно ниво, односно на градоначалникот. Таму имате и можност, градоначалникот формира и тричлена комисија. Тоа се преголеми ингеренции од страна на едно лице.

**Бесим Догани:** Има збор господин Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Јас се пријавив за дискусија, меѓутоа, ќе се обидам да бидам краток. Јас разбирам иницијативата на колегите од опозицијата и ценам дека вреди внимание, меѓутоа вака како што е предложен амандманот, едноставно мислам дека има техничка грешка и не може да се усвои. Еве ќе објаснам зошто така мислам. Значи, ако добро разбрав, во тој амандман се предлага, како што разбирам да го читам како што е предложен, в.д. директорот не може да биде по втотр пат именуван на оваа функција. Вака формулиран амандманот, значи дека в.д. директорот потоа не може да биде назначен после истекот на шесте месеци за директор и тоа сметам дека не е исправно, затоа што можеби в.д. директорот ќе биде успешен на функцијата вршител на должност и со вака формулиран амандман ценам дека ќе дојде до хендикепирање, едноставно, на неправедно исклучување на в.д. директорот, со можност да се назначи понатаму на функцијата директор.

Ценам дека вака формулираниот амандман, вакво толкување добива. Затоа мислам дека на овој начин не може да биде овој амандман прифатен. Благдоарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеник Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас сум навистина изненадена од ваквото читање на членот. Јас сакам да кажам прво дека амандманот е подготвуван заедно со службите овде, кои што имаат долгогодишна пракса во подготвувањето на амандмани. Меѓутоа, ако се чита амандманот, имам доверба во нив. Нашата интенција е и тоа е за мене барем многу јасно онака како што е напишано во амандманот, дека лицето што е именувано за вршител на должност директор да не може по втор пат да биде именувано за вршител на должност директор. Тоа значи не може да биде по втор пат именувн на оваа функција. Се мисли на функцијата вршител на должност директор. Ова не му го ограничува правото на лицето кое што е именувано за вршител на должност директор, да се јави на конкурс и подоцна да биде избран за директор на јавното претпријатие. Само му овозможува да биде повторно избран на функцијата в.д. директор, или вршител на должност директор. До колку одредено лице знае деа може да биде и по втор пат и по неколку пати избран за вршител на должност директор, тогаш не исклучуваме дека постојат лица, како што постојат, кои што наместо да се фокусираат на отстранување на пречките и распишување на конкурс за избор на директор, ги пролонгираат термините со цел да бидат избрани за вршители на должност директор по неколку пати, особено ако се свесни дека не можат да обезбедат поддршка и ако не можат да бидат избрани за директор на јавно претпријатие.

Значи, интенцијата е, повторно ќе повторам и за мене е сосема јасно дека лице кое што е еднаш именувано на функција вршител на должност директор, да не може по втор пат да ја обавува истата функција вршител на должност директор во истото јавно претпријатие. Благодарам.

**Бесим Догани:** За реплика се јави Витанов Зоран.

**Зоран Витанов:** Благодарам.

Внимателно слушав, меѓутоа, сето ова како аргумент паѓа во вода, ако го прочитаме последниот став од член 19-а. Еве ќе го прочитам. Вели вака: “Ако по распишаниот конкурс не се избере директор, управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на Градот Скопје во рок од пет дена именува вршител на должност директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци. Значи, овде е регулирано дека максималното време на траење на в.д. директорот е шест месеци. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор Анета Стефановска.

**Анета Стефановска:** Благодарам.

Почитувани колеги, јас се јавив само да дадам од правен аспект појаснување. Јас не можам да ги сфатам колешките, нити Грковска, нити Бендевска, бидејќи тоа е правна регулатива и институција јавен оглас, која треба да се почитува и по Законот за работни односи и по Законот за јавните претпријатија кој е јавен оглас. Без јавен оглас не може да биде избран. Друг начин нема за избор на директор.А в.д. директор, ќе биде партизиран, или нема да биде партизиран, тоа тие најдобро треба да го кажат, бидејќи до сега беа на власт. На кој начин ги менуваа директорите и како тие постапуваа. Ние, точно за да го спречиме сето тоа и да имаме професионални директори, онака како што и до сега постапуваме, правиме ваква правна регулатива, точно да се регулира начинот на кој ќе биде, точно членот 19-а. Значи, од правен аспект појаснувам дека точно го регулира тоа и навистина, овој амандман не држи место. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Ќе го искористам своето право да говорам по текстот на амандманот и истовремено да и објаснам на почитуваната колешка и моја сограѓанка Анета Стефановска, која од правен аспект го толкува законот, а јас зборувам од практичен аспект, што се случуваше токму во нашата општина Битола. Градоначалникот кој доаѓа од редовите на ДПМНЕ, господинот Талески во Битола три пати го злоупотребуваше текстот на Законот за јавни претпријатија. Во четирите јавни претпријатија во Битола, тој со три решенија консеквентно истите луѓе ги поставуваше вршители на должност директори на јавните претпријатија. И тоа колешката многу добро го знае. Токму затоа и го поднесуваме амандманот. Да нема законска можност за злоупотреба на членовите од Законот за јавни претпријатија. Градоначалникот на Општина Битола по изминувањето на првите шест месеци многу комотно повикувајќи се дека законот вели точно е, не подолго од шест месеци, со објснување дека законот не предвидел колку пати по шст месеци тој има право истите лида да ги назначува за вршители на должност директори на јавните претпријатија во Битола. Тоа колешке Стефановска ви е многу познато. Вашиот сопартиец градоначалникот Талески ги злоупотребуваше јавните претпријатија со овој член. Јас апелирам до вас во име на заштита на јавните претпријатија кои ги основала Општина Битола, да го поддржите мојот амандман, без оглед во следните турноси кој ќе ја има локалната власт. Во наш интерес е да ги штитиме јавните претпријатија на Општина Битола.

**Бесим Догани:** Има реплика од три минути пратеник Анета Стефановска.

**Анета Стефановска:** Прво, многу жалам што морам да ви реплицирам на овој начин, меѓутоа, ве молам, да дочитувате како што треба доследно и како што треба да читате до крај,

бидејќи прво навредена сум затоа што мојата партија не е ДПМНЕ, туку е ВМРО-ДПМНЕ. Јас никогаш вашата партија не сум ви ја повредила.

Како второ, нашиот градоначалник се гледа од рејтингот во Општина Битола и во околината колку котира и како законито постапува. А да се вратиме малку поназад за вашите кадри какви финансиски дубиози имаа, тоа добро го знае јавноста и не сакам повеќе да ви одговорам, бидејќи навистина ќе се засрамите, ако излезам со јавни аргументи за какви кадри станува збор, кои што беа поставени во јавните претпријатија во Битола во вашиот период. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута има пратеник Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Јас не знам дали колешката, мојата сограѓанка убаво ме слушаше. Значи, тема за која говорев беше поднесениот амандман на Законот за јавни претпријатија, а таа во својата реплика искористи маркетиншки да го пофали својот сопартиец. Инаку, дел од советниците на Општина Битола, заради ваквата злоупотреба на Законот за јавни претпријатија на почетокот на минатата година против градоначалникот на Општина Битола поднесе и кривична пријава., која за жал, беше одбиена од Јавното обвинителство со следната назнака. Има фактичка грешка во членот 41 во Законот за јавни претпријатија. Ве молам почитуван претставник од Владата на Република Македонија да реагирате токму тука.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славиц Грковска:** Потпретседателе јас сакам да реагирам, затоа што сметам дека после говорот на почитуваната колешка Стефановска, дискусијата нормално доби сосема поинаков тек, за кој што јас немав интенција.

Јас исто така, можев да кажам примери и госпоѓата Бендевска исто така, кога го образложувавме амандманот, каде се се праени злоупотреби. Прашањето е дали генералната политика на овој законодавен дом ќе превземе мерки за санкционирање и оневозможување на злоупотреба на одредени законски решенија. Ако сме сите свесни дека постојат злоупотреби на овој закон, дека постојат вакви примери, тогаш јас не гледам причина и повторно ќе кажам, тоа го истакнав и во претходните дискусии дека не би требало да се раководиме за тоа, кои градоначалници, од кои политички партии што правеле. Прашањето е генерално, дали ќе го санкционираме. Затоа апелирам до парламентарното мнозинство да ја сфати оваа намера најдобронамерно, да се санкционира глобално, во сите јавни претпријатија можноста за ваквата злоупотреба. Не гледам никаква потреба од партизирање на прашањето, затоа што сметам дека нема никакво место за тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Грковска.

Јас морам да објаснам дека сум тука да држам ред и да давам збор.

Што се однесува до примерите за партизација, тие ги започна и ги даваше вашата колешка Бендевска. Јас не сакав да ја прекинувам. Бев многу учтив.

Процедурално збор бара пратеникот Бендевска Весна, иако мислам дека процедурата не е прекршена во ниту еден момент. Не знам за што ќе коментирате. Повелете.

**Весна Бендевска:** Почитуван господине потпретседателе на Собранието,

Не знам која ви е интенцијата. Имам право да говорам како избран пратеник на Република Македонија. Вие не можете да ми пропишувате содржина на мојот говор. Јас стојам зад содржината на моите говори. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и вам.

Уште еднаш да објаснам, морам да ве прекинам кога не се држите до темата. Не ве прекинав, бидејќи не сакав да ве прекинам. Едноставно. Сега, не можете, со тоа што вас не ве прекинав, да ме напаѓате мене или друг пратеник. Благодарам.

Во ред е, нема прекршување на процедурата, не знам зошто барате збор процедурално.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам служдбите да достават точен број на присутни пратеници пред да гласаме.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Молам пратениците да влезат во салата бидејќи не сме во доволен број за гласање.

(Пратеници влегуваат во салата)

Во салата се присутни 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 16, воздржано 1, против 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во новиот член 19-А за додавање нов став 6 по ставот 5 поднесен од пратениците Славица Грковска, Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Пратениците Славица Грковска, Весна Бендевска и Марјанчо Николов го повлекоа амандманот на член 2 во новиот член 23-А став 1.

Пратениците Славица Грковска, Весна Бендевска и Марјанчо Николов го повлекоа амандманот на член 3 во новиот член 24-А ставови 2 и 3.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-А по членот 3 поднесен од пратениците Славица Грковска, Весна Бендевска и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам, амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави пратеник Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Со оглед на тоа што амандманот е со исти текст и интенцијата на амандманот е иста како и претходниот амандман, јас само сакам да изразам жалење што дискусијата доби сосема поинаков тек од она што сакавме да го постигнеме кога го предлагавме овој амандман. Амандманот нема врска со политички партии, нема врска ни со потребата од партизирање на одредени прашања. Единствената цел беше да се спречат злоупотребите, без разлика кој на која политичка партија припаѓа.

Затоа, уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство да размисли како ќе гласа овој пат по овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Грковска.

Има збор Најдовски Слободан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине потпретседателе, почитуван претставник на Владата, дами и господо,

Навистина не ми е јасно зошто не се прифаќа овој амандман. Ајде, по нашински да кажеме, ова е од инает на парламентарното мнозинство и на Владата. Ова ќе го образложам со следново:

Прво, навистина ми е драго што денеска многу убаво дискутираме и брзо ги поминуваме точките од дневниот ред. Се покажа она, пет пати на седници во изминатиот период што барав за овие закони да расправаме, дека можеме да имаме доста конструктивна расправа во Парламентот и јасна порака до Владата дека, кога ќе ни предлагаат вакви закони во Парламентот, убаво ќе се работи. Така, наместо закони од типот на празници, од типот на деловникот, еве што сега ние овде си го предлагаме. Значи, поука како понатаму да работиме. Само неколку реченици за самиот амандман.

Интенција е на Владата, не само по овој закон, во законите што сега ги имаме од областа на трудот и социјалата во понеделник, закони што онатаму ќе доаѓаат, според она што добивме како информација од претставниците на Владата, дека за директори на институции, на јавни претпријатија, на установи што ги водат именувани или избрани лица од Парламентот и Владата, на секои 6 месеци да вршат контрола на нивното работење и во зависност од финансискиот резултат што ќе го постигнат, да зависи дали тие ќе продолжат да бидат директори понатаму, раководители на тие установи или не.

Ако е така, што јас го поддржувам тој предлог на Владата, но сега да запрашам, ако е така, зошто да не се прифати амандман со што на исто лице му се оневозможува да не го злоупотреби, дали градоначалник, дали Влада, дали Собранието, бидејќи ги именува, да злоупотреби да може два пати истото лице да биде ВД директор. Навистина, изгледа кај парламентарното мнозинство и кај Владата работи тој македонски инает, само заради тоа што амандманот е предложен од опозициони пратеници.

Амандманот е во согласност со интенциите на кои што се залага Владата на Република Македонија. Ако е тоа така, еве јас ќе им предложам на пратениците од опозицијата да го повлечат амандманот. Нека поднесе Владата. Ние ќе му дадеме аплауз. Но само да е од Владата и од парламентарното мнозинство.

Навистина, не можам да го сватам инаетот со што парламентарното мнозинство се однесува кон пратениците од опозицијата. Јас би ги замолил колегите од опозицијата повеќе да не дискутираат, да им го направиме кејфот, ама да се изгласа овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Има збор пратеникот Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Уште еднаш сакам да појаснам, истото образложение го даваме и втор пат и не знам зошто мисли пратеникот почитуван и мој сограѓанин дека ние на инает ја фативме работата. Бидејќи многу аргометирано образложуваме кој е правниот основ. Што пак ако некое лице навистина квалитетно, зошто да не биде избрано два пати, три пати. Без разлика дали е вд или директор. Законската регулатива е јасна во сите закони. Ако тоа лице врши злоупотреба, се знае како се постапува. Ако е квалитетно, може да биде избрано 2 пати, 3 пати.

Дали ќе биде вд или ќе биде во постапка не е битно. Тоа било така и до сега. Тоа е законската регулатива. Не ми е јасно зошто има забуна кај почитуваниот пратеник и мој сограѓанин.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За реплика се јавија Најдовски Слободан и Јаневска Весна.

Прво е Најдовски Слободан, повелете три минути реплика.

**Слободан Најдовски:** Само да дообјаснам.

Не е проблемот да биде 2 пати, 3 пати, 5 пати избран на јавен оглас. Проблемот е 2 пати да биде едно по друго вд директор. Заради тоа што, за да не објави конкурс тој 6 месеци ќе биде вд директор, нема да создаде услови повторно да се избере директор, по потоа повторно 6 месеци да биде вд директор, и повторно по трети, четврди или петти пат да биде вд директор.

Ако е квалитетен кадар, тогаш треба за период од 6 месеци да биде "принуден" да создаде услови да се распише конкурс и да биде избран на конкурс. Не е проблем дали некој ќе биде два пати или три пати. Туку проблемот е да не биде директор повеќе од 6 месеци истото лице. Да може за тој период да се создадат услови да распише конкурс и да биде избран.

Инаку, не е проблем некое лице да биде и пет мандати едно по друго директор на јавно претпријатие доколку квалитетно ја извршува работа, односно ако основачот смета дека тој квалитетно ќе ја извршува работата и го избира. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Втора реплика пратеникот Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Сега веќе имаме сериозен проблем. Ако кандидатот е квалитетен нема причина зошто да не биде избран за директор или за раководител. Но, функцијата вд подразбира, една од функциите подразбира создавање услови за конкурс и избирање директор. Не гледам логика да биде два, три или десет пати биран за вд.

Ако станува збор за недоразбирање, дека некој сака нивните вд директори да станат директори, нема никаков проблем. Ама, нема причина своите луѓе да си ги чуваат со месеци како вд, при што ингеренциите им се како на директорите и треба сериозно да си ја завршат работата, со полно овластување што го имаат. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни, гласале 58, за гласале 16, воздржани нема, против гласале 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници, бидејќи пратениците се движат.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, за Предлогот на законот гласале 54, за гласале 50, воздржано 1, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за јавни претпријатија.

Продолжуваме понатаму по дневниот ред.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, пред вас е Законот за заштита на конкуренцијата, измените и дополнувањата. Според него надлежен орган за негово спроведување е Комисијата за заштита на конкуренцијата. Овој закон имаше измени на 30 мај 2006 година, со што се направи подобрување на Комисијата. Од двајца се отиде на тројца професионалци, меѓутоа преостана на ефикасен начин да се доуреди обезбедување ефикасна судска заштита.

Со членот 3 се врши укинување на двостепеноста во постапката пред Комисијата за заштита од конкуренцијата. Со тоа, одлуките од Комисијата, во иднина би биле конечни, против кои што е дозволено покренување на управен спор, пред надлежен суд. Со тоа ќе се забрзаат постапките.

Другите измени во членот 3 се за усогласување со Амандманот 21 и во членот 6 усогласување со Амандманот 20 од Уставот на Република Македонија.

На Законодавно-правната комисија се дефинира задачата на Стручната служба на Комисијата за заштита од конкуренцијата што ги врши управните, прекршоцните и други административно-технички работи и тоа го разграничивме.

Амандманите што ги поднесе Законодавно-правната комисија се составен дел на овој закон.

Понатаму, во измената имаме уште усогласување со Законот за прекршоци во членовите 7, 8, 9 и воглавно тоа се измените што ги предлагаме за прифаќање на овој закон за изменување и дополнување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата.

Пред да го ставам заклучокот на гласање, уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам, службите да достават точен број на присутни пратеници.

(СЛужбите доставуваат точен број на присутни пратеници)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 60 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, гласале 52 пратеници, сите 52 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за додавање нов член 1-А по членот 1, член 2 за менување на насловот на новиот член 27-А и на став 2 член 5 за внесување нов став 1 и на член 9 за внесување нов став 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Бесим Догани:** продолжуваме со претрес по тексто тна Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавениза збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, за предлогот на законот гласале 60 пратеници, против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата.

**Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Благодарам.

На нашето подрачје во Република Македонија има долгорочна традиција за контрола на предмети изработени од скапоцени метали и имајки предвид дек аво изминатиот период имаме проблеми со дуќаните кои што продаваат скапоцени метали, понатаму во трговијата и другите неправилности кои се јавуваат пристапивме кон измена на овој Закон со цел да извршиме точно и прецизно дефинирање на изработувањето на скапоцените метали. Тоа е еден од предлозите кои се предлагаат во оваа измена.

Понатаму, усогласување со Законот за организација на работа на органите на Државната управа. Сеуште во Законот стои “Министерство за стопанство” и сега тоа го менуваме со “Министерство за економија”.

Исто така се врши усогласување исо Законот за метереологија и наместо “Завод за стандардизација и метереологија”, сега се предлага “Биро за метереологија”.

Со измената за жигосување се надеваме дека ќе псотигнеме добри ефекти бидјекиво тој случај инспекцијата ќе има надлежност да врши попрецизни контроли во трговијата на скапоцени метали.

Исто така се предлага и усогласување со Законот за прекршоци.

Од Законодавно-правната комисија е прифатено по изречените прекршочни пријави да има жалба во рок од 8 дена до Министерството за економија.

Воглавно тоа се измените, а сакам да напоменам дека не се земени предвид директивите од новиот приод за измена на овој закон, затоа што тие директиви сеуште не се готови инајверојатно за година дена ќе претстои нов закон за скапоцени метали. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господиен Спанџев.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници гласале 58. За гласале 57, воздржани 1 и против нема.

Констатирам дека заклучокот е сувоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници гласале 57. За гласале 56, воздржани 1 и против нема.

Констатирам дека е сувоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 за менување на член 7; член 8 за менување на став 5; член 9 за менување на став 4; член 11 став 1 за менување на воведната речениц аи на член 12 став 1 за менување на воведната реченица со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници. Сите 63 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменвуање и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали.

**Минуваме на точката 16- Предлог на закон за минерални суровини.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворампретрес по текстот на Предлогот на законот.

Закондоавно-правната комисија поднесе амандмани на член 12 став 3; член 13 став 3; член 20 став 1, точки 1 и 4; член 21 став 3 на втората реченица; член 25 став 5; член 33 став 2 алинеја 8 и на ; член 36; член 39 став 4 точка 5; член 44 став 1 на воведната реченица и на точка 3; член 46 став 1 точка 2; член 47 став7; член 48 за бришење на став 1 и на став 3; член 51 став 2 за менување на точка 4 и на став 5; член 55 ставови 4 и 7; член 56 став 1; член 57 став 4 и за додавање нов став 6 по ставот 5 на насловот на член 58 и на член 58 став 1 и за менвуање на став 2 на насловот на член 59 и на член 59 став 1 и за менување на став 2; член 60 ставови 2, 4, 5, 6 и 7; член 61 став 1 и за менување на став 4 за менување на член 65; член 67 став 1 на воведната реченица и на ставовите 7, 8 и 9; член 75 став 1 точки 11, 16, 20, 21, 22 и 26 и на став 2; член 76 став 1 за бришење на точка 9 и на точки 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 19 и 20 за бришење на точка 18 на став 4; член 77 став 1 точки 4, 5, 14, 15 и 18; член 78 став 1 и за бришење на став 2; член 79 ставови 1, 2 и 3 и на; член 80 став 2 на воведната реченица, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економски прашања поднесе амандмани на член 2 точка 12; член 2 точка 25; член 4; член 42 став 3 точка 3; член 51 став 2 точка 7; член 57 став 2 за менување на точка 3; член 57 став 2 точка 6; член 57 став 2 точка 10; член 70 став 1; член 70 став 2; член 71 став 1; член 72 став 1; член 72 став 2; член 72 став 3 и на член 74 став 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Јашари поднесе амандман на член 28 за додавање нов став по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Оливер Дерковски и Оливер Шамбевски поднесоа амандман на член 74 за додавање нов став 4 по ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 5 за менување на став 1 и на член 67 став 2 за менување на точка 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Анета Стефановска поднесе амандман за додавање нов член 70-а по членот 70, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ратко Димитровски поднесе амандмани на член 57 став 2 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7; член 58 став 2 член 58 став 3, член 59 за бришење на став 2, член 59 став 3, член 60 став 5 и член 74 за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 79 став 4, по кои Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандманот на член 2 точка 12 поенсен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија, повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманите не се дојдени за расправа.

**Бесим Догани:** Општата расправа е завршена и затоа сега преминавме на амандманска расправа.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Процедурално господине потпретседателе.

Потполно сте во право, општата расправа е многу одамна завршена за овој предлог на закон.

Јас би предложил сега во корист на ефикасноста на работата на Парламентот од 28 амандмани само 3 амандмани се од пратеници од опозиција. Сите амандмани се или од комисија, или од пратеници од парламентарното мнозинство, па за да бидеме ефикасни би предложил една пауза од 10 минути да се усогласи парламентарното мнозинство и Владата околу Владата, за да не губиме време, а јас за моите два амандмани ве уверувам дека нема да зборувам повеќе од 3-4 минути по еден, значи 5 минути ќе виодземам.

Ако сакате ефикасно работење договорете се за вашите амандмани за да брзо ја завршиме оваа точка, бидејќи точките кои што се реални, од реалното живеење многу брзо ни одат. Затоа вие усогласете се да ја завршиме побрзо и оваа точка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџевски:** Ние сме усогласени и може да продолжиме, нема потреба од пауза.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Јас предлагам да ја надминеме досегашната пракса прво да расправаме, да гласаме за амандманите, а потоа да водиме претрес по Предлогот на законот.

И во втората фаза,кога е Предлог на закон има можност за расправа, меѓутоа мислам дека праксата што е досега не одговара. Ако има некои забелешки, еве денеска по Предлогот на

законот не можат да гикажат, или ако ги каже после усвојвуање на амандманите нема никава цел. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор Стефановска Анета.

**Анета Стефановска:** Потпретседателе, јас писмено го амандманот и нема потреба да ме читате. Писмено имате допис сите добиено, бидејки и јас добив дека е повлечен амандманот.

**Бесим Догани:** Во ред.

Одиме по ред.

Отварам претрес по амандманот на член 2 точка 12 поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 2 точка 25 поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 4 поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 5 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 28 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот не е прифатен од Владата.

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници гласале 53. За гласале 6, воздржано 2 и против 45.

Констатирам дека Собраниетоне го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 42 став 3 точка 3 поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 51 став 2 точка 7 поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отварам претрес по амандманот на член 57 став 2 за менување на точка 1 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот за економија. Повелете.

**Киро Спанџевски:** Амандманот не се прифаќа, затоа што се работи за два различни дела од областа на рударството.

Во точката 3 од овој став на овој член јасно е прецизирано каде може да биде раководител со насока-подготовка на минерални..., или по ново насока-минерална технологија. Тоа е ставено во точка 3 и затоа амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас морам да ви укажам на тоа дека амандманот што го поднесов е по барање на дел од професорите од Рударскиот факултет во Штип и дозволете ми доколку погрешам нешто да не ми замерите.

Нивното објаснување е тоа дека на дел од завршените кадри на Рударски факултет неоправдано им се оневозможува да бидат раководители на рудник. Уште повеќе што пред отворањето на овој Факултет во Штип, според нивното објаснување е дека постоела само една насока кога студирале во Белград или на други факултети. Сметаат дека е неоправдан ваквиот пристап односно решение од Владата.

Затоа го поднесов овој амандман по барање на професорите од Рударскиот факултет.

Ако цениме она што стручњаците го предлагаат јас би ве повикал да го усвоиме амандманот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салтаа, бидејки мислам дека не сме во доволен број.

Ги повикувам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните рпатеници во салата).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Потпретседателе во интерес на ефикасноста на работата на Парламентот да не чекате за да има кворум, јас го повлекувам амандманот, преминете на другите.

**Бесим Догани:** Благодарам амандманот е повлечен од страна на господинот Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 2 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Се работи за измена во делот од законот каде што се однесува на стручната подготовка за проектантите, ревидентите, на геолошката документација и постапката за нејзина ревизија.

Бидејќи, околу овие амандмани се има произнесено и Законодавно-правната комисија, уште попрецизно од она што го имам предложено јас и бидејќи таа материја е опфатена таму, јас го повлекувам овој амандман и воедно најавувам дека ги повлекувам сите останати амандмани, бидејќи сите се однесуваат на таа материја која ја опиштав на почетокот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Пратеникот Ратко Димитровски го повлече овој амандман како и сите следни амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 2 за менување на точка 3, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

**Бесим Догани:** Отворам претрес по амандманот на член 57 став 2 точка 6, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 2 точка 10, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 58 став 2, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски е повлечен.

Амандманот на член 58 став 3, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски е повлечен.

Амандманот на чдне 59 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски е повлечен.

Амандманот на члне 59 став 3, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски е повлечен.

Амандманот на члне 60 став 5, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 1, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

**Бесим Догани:** Отворам претрес по амандманот на член 70 став 2, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Пратеникот Анета Стефановска го повлече амандманот за додавање нов член 70-а по членот 70.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 1, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

**Бесим Догани:** Отворам претрес по амандманот на член 72 став 1, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 2, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

**Бесим Догани:** Отворам претрес по амандманот на член 72 став 3, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 3, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 74 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски е повлечен.

**Бесим Догани:** Отворам претрес по амандманот на член 74 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Оливер Грковски и Оливер Шамбовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Аандманот на член 79 став 4, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски е повлечен.

Немаме повеќе амандмани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Серафимов Влатко се јави за збор.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе , почитуван заменик министер,

Читајќи го текстот на законот, бидејќи има некои работи кои што се предвидени сега, да кажеме, со 60% концесијата да се плаќа на државно ниво и 40% на локално ниво, па би апелирал до вас како Министерство односно како Влада, бидејќи контролата на ископувањето на минерални суровини и на концесии го врши само рударски инспектор, а знаеме дека во Република Македонија постои само еден рударски инспектор, сметам дека тој инспектор нема да биде способен доволно да ја извршува работата во рамките на законот кој што му се предвидува. Затоа апелирам до Владата и до Министерството за економија да создадат напори да примат барем најмалку уште 5 инспектори рударски, за да можат целосно да ја вршат работата на целата територија на Република Македонија. Вака може да ни се случат и несакани работи, од типот на тоа што пред некој ден се случи еден трагичен настан во рудникот Злетово. Знаеме имаше хаварија пред неколку години во рудникот Саса, а еден човек не е доволен да ја покрие територијата на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Има збор пратеникот Љубосав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам потпретседателе, другари и другарки.

Носиме еден од најзначајните закони од македонската економија, закон за една област која претставува огромно национално богатство. Македонија, својата перспектива и иднина може само да ја гради на ова рудно богатство со кое располага целата територија на Република Македонија и тоа: метали, неметали, ретки земји и тн. Нема минерална суровина која не е застапена на нашата територија, од најскапоцените како што е злато, сребро, платина, ретки метали, олово, цинк, бакар, манган и тн. Исто така и во сферата на неметали имаме огромни наоѓалишта на мермери, гранити, кварц, кварцити и да не ги набројувам повеќе, бидејќи се работи за стотина и стотина минерални суровини кои практично треба да ни го обезбедат големиот развој на државата во идниот период.

Од 90-тите години наваму ние не издвојуваме средства за развој на минералните суровини. До 90-тите години постоеше Фонд за истражување на минералното богатство во Република Македонија. Од 90-тите години тој Фонд го укинавме. Како резултат на тој Фонд откриени се

и докажани се резерви на голем број минерални суровини и тоа во сферата на металите и во сферата на неметалите. Како резултат на тие докажани резерви отворени се преку стотици рудници на неметали и дестина рудници во сферата на металите.

Со овој закон кој долго време се подготвуваше и кој во првата верзија до оваа завршна верзија претрпе огромни промени. Во сферата на неговото подготвување и во процесот на расправата по овој закон, покрај овој Парламент кој расправаше многу долго и детално, беа вклучени и многу други институции во кои институции учествуваа и пратеници овде од Парламентот, Стопанската комора, здруженија и тн. Од првата верзија до сега значително е променет овој закон. Само јас доставив преку 60 предлози од кои најголемиот дел, преку 50 се усвоени. Нема ни еден идеален закон, па и овој не е, тука посебно морам да кажам дека законот мораше да го прифати предлогот за основање на фонд за истражување на минерални суровини. Сега е предвидено тие средства од концесиите да одат во буџетот. Вие знаете, кога се распоредува колку други притисоци има во распределбата на буџетот. До сега се издвојуваа и симболични средства за истражување на минералните суровини и како резултат на тоа практично ние немавме никакви истражувања во Република Македонија, ниту биолошки, ниту геофизички, геохемиски и тн. Бидејќи немаше истражување ние практично нити истражувавме било кое лежиште ниту отворивме нов рудник, посебно за метални минерални суровини. Сега останува тоа прашање во текот на годината да направиме напори по законот, со дополнување на овој закон, го внесеме прашањето на формирањето на фондот за истражување на минерални суровини и формирање на една институција, геолошка, која практично располага со огромна геолошка документација која вреди и преку една милијарда долари. Тоа е една документација која денес многу лошо се чува, која е во распаѓање и тн. Таа институција треба да ја одигра улогата, не сега да истражува некое лежиште, да истражува некоја минерална суровина, туку да ги добие основните податоци за една минерална суровина со која ќе ги заинтересира потенцијалните истражувачи на минерални суровини. Едина област во која можеме да привлечеме странски капитал, тоа е оваа обалст, а тоа е и област во која ќе дојде до експлоатација на минералната суровина. Мора тука да се развијат преработувачките капацитети затоа што не може да се транспортира јаловина, а на основа на тие металуршки капацитети да се развиваат и многу други преработувачки капацитети. Според тоа на нас сега ни се отвара една голема можност да создадеме интерес за привлекување на тој странски капитал. Меѓутоа, без средства, без еден потенцијал кој ќе ги иницира тие истражувања, ние ќе донесеме еден закон, но тој нема да има применлива вредност. Инаку, голем дел, како што се кажа во забелешките за дефинирањето на истражно поле, во дефинирањето на експлоатационо поле, во дефинирањето на начините на експлоатација, отварање на рудници, тоа е разрешењно. Останува уште да се разреши прашањето за рационална експлоатација на една минерална суровина. Ние сега во Саса имаме еден случај каде се експлоатираат само најбогатите жици кои имаат по 14, 15 или 16%олово плус цинк, а правилно е во рударството во светот да се прави еден економски оправдан просек, значи напоредно да се експлоатираат и лежиштата со пониска содржина на суровини и лежиштата со висока содржина на суровини, кога се прави еден просек со што се продолжува векот на еден рудник. На овој начин, кога се оставаат само сиромашните рудни наоѓалишта, се скратува векот, на брз начин се создаваат големи профити и таквите инвеститори брзо ги напуштаат рудниците, што не е во интерес на оваа држава. Според тоа, јас овој закон ќе го поддржам и ќе гласам за него од аспект на тоа што внесува една сосема нова димензија, после 15 години во областа на рударството, што веројатно со овие мои укажувања треба да го дополниме и во еден временски период кој доаѓа, треба да постигнеме многу значајни резултати.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да го ставам Предлогот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата не продолжи бидејќи не се создадоа услови за работа)